20250861888

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2353/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 85/18 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19, 239/19 и 41/22), во член 4 во ставот (5) зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Член 2

Во член 4-в во ставовите (2) и (3) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Член 3

Во член 4-г зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 4

Во член 5-в во ставовите (2) и (3) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (4) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 5

Во член 5-ѓ во ставот (2) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Министерството за економија и труд врши проверка на исполнетоста на условите од членот 5-д став (1) алинеја 2 од овој закон, врз основа на податоци кои Управата за јавни приходи ги доставува до Министерството за економија и труд на месечно ниво.”.

Член 6

Во член 7-б во ставот (1) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 7

Во член 7-в во ставот (4) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.